Катерина НАУМОСКА

# ЕДЕН ИЗВЕШТАЈ НА НИКОЛА КАРЕВ

Настаните што се случувале во Битолскиот вилает во 1903 година предизвикувале и сè уште предизвикуваат интерес кај историографите. Ваквиот интерес е поизразен кога станува збор за документација што се наоѓа во странски архиви, а се однесува на овој период. Илинденското востание, како најважен настан во македонската историја од 1903 година, директно или попатно го обработувале и за него пишувале повеќемина македонски и странски историографи. Притоа, во нивните дела се среќава многубројна документација со која се осветлуваат и појаснуваат случувањата пред, во времетраењето и по Крушевската република.

Меѓутоа, работата во странските архиви и објавувањето на документите донесени оттаму покажаа дека не се исцрпени сите информации за настаните околу Илинденското востание. Ваквото мислење го потврди и еден документ кој го најдовме во фондот Битолски вилает 1902-1908 година во Архивот на Македонија, Д. 1141/38, донесен од Basbakanlik arsivi во Истамбул од д-р Александар Стојановски и м-р Ахмед Шериф.

Документот го даваме во целост ценејќи дека само така ќе ја постигнеме поставената цел за запознавање со неговата содржина и негова достапност за натамошно ползување.

*Извештај на*
*Никола Карев за сметките во Крушевскиот реон пред и во време на востанието*

До моето заминување во четите на 15 април 1903 г., во целосниот состав на градската управа се прегледаа и израмнија сите градски сметки, чиишто детали се задржуваат во тамошната архива. Селските беа порано израмнети, откако им се прати во висина на внесените суми во градската каса, соодветно оружје и залихи. По моето заминување, до востанието, за сè се грижеше подвижната градска управа, за чијашто дејност ништо не можам да кажам. Во време на востанието определената од нас Комисија собра околу 80.000 (осумдесет илјади гроша од Н. 123-20). Од таа сума нам нѝ се доверија околу 60.000 ( шеесет илјади гроша ) и за околу 20.000 ( дваесет илјади гроша ) расписки коишто Комисијата

им ги исплаќала на трговците за направените трошоци. За леб, облека, опинци, патронташи ( кожена торба за патрони - К.Н.) и др. од страна на четниците и давањето помош на гладните граѓани , во време на нашето десетдневно престојување во околината на градот. Уште неколку стотини гроша од убиени Турци и таксилдари, за којашто сума ние не можеме да дадеме извештај бидејќи таа сума остана во рацете на неколкумина членови од градската неподвижна управа, од каде подоцна се трошеше за четите. Откако потрошивме и задржавме еден дел од гореспоменатата сума за потребите на четите, којашто тука ќе ја опишам во општи црти, но кога и да е, должни сме заедно со Толе Никлев да ја изложиме целата сметка со сите нејзини детали: кому, каде, колку и за што е дадено. Останатиот дел од околу 40.000 (четириесет илјади гроша) од Н. 123-20 и расписките ги довеивме на, од мене и Т.Н., избраните петмина чесни граѓани, со едно кратко писмено упатување: да не ги даваат на луѓе вон реонот, а да ги употребат за општи потреби, коишто според нив се добри.

Потрошената сума е употребена за општи потреби на делото, како што следува:

| | | |
|---|---|---|
| Трошоци за четите во текот на три месеци во реонот | | 1942 - 20 |
| Отпуштено на војводите " " | 4449 - 20 | |
| Трошоци во реонот " " | 1692 - | |
| За исплаќање на оружје пред востанието | | 1741 - 10 |
| Отпуштено на Ѓуро " " | 1130 - | |
| | | 10,955 - 10 |

| | |
|---|---|
| Потрошено при патување од нашиот реон до српската граница за јадење, курири и неопходни порачи за 39 души | 1378 - 30 |
| Во Србија од граница до Белград | 842 - 20 |
| За патни од Белград за четниците и за нас | 849 - 20 |
| Алишта и пари оставени на четниците во Белград | 4434 |
| Расходувани од нас | 1540 |
| | Вкупно 20.000 |

18 / I / 904 г. Софија